**20260540906**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2026 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени во член 162 од Законот за животната средина и се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25) раздел 12101, потпрограми 23 и С1, сметка 631 во вкупен износ од 422.910.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе се врши врз основа на дефинирани критериуми кои се земаат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија, утврдени во јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за мерки за заштита и унапредување на медиумите на животната средина и природата со спроведување на постапка за јавна набавка и склучување на договори, како и договори за кофинансирање на проекти.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 од оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на водоводни системи, канализациони системи, системи за одведување и прочистување на отпадни води во насока на заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 60.000.000,00 денари;

2. Реализација на проекти и активности во износ од 12.000.000,00 денари, за следните намени:

- зголемување на јавната свест, едукација и обука за заштита на животната средина и климатските промени;

- спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на природата;

- поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата;

- проекти за родова еднаквост преку воспоставување на еднакви можности за жените и мажите во областа на заштитата на животната средина;

3. Поддршка на мерки и активности за заштита на природата во рамките на национални паркови во Република Северна Македонија во износ од 5.000.000,00 денари;

4. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на водите во Република Северна Македонија во износ од 74.517.000,00 денари;

5. Поддршка на мерки и активности за заштита на квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 16.293.000,00 денари;

6. Кофинансирање на проект „Изградба на филтер станица за вода за пиење во општина Пробиштип" во износ од 30.000.000,00 денари заедно со општина Пробиштип врз основа на обезбедени грант средства од Владата на Република Словенија;

7. Средства за неизмирени обврски на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2023, 2024 и 2025 година во износ од 223.000.000,00 денари и

8. Исплата на трошоци за реализација на мониторинг при спроведување на оваа програма во износ од 2.100.000,00 денари.

V

Средствата од дел IV точка 1 од оваа програма ќе се реализираат врз основа на поднесено и одобрено барање од општините, здруженијата на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје.

Средствата од дел IV точка 2 од оваа програма ќе се реализираат врз основа на поднесено и одобрено барање од правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, невладини организаци и здруженија активни на полето на еднаквите можности, како и научни и образовни институции.

Средствата од дел IV точка 3 од оваа програма ќе се реализираат врз основа на поднесено и одобрено барање од Јавните установи Национални паркови.

Средствата од дел IV точки 4 и 5 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

Средствата од дел IV точка 6 од оваа програма ќе се реализираат со склучување на договор за кофинансирање на инфраструктурен проект со општина Пробиштип.

Средствата од дел IV точка 7 од оваа програма ќе се реализираат за неизмирени обврски согласно договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2023, 2024 и 2025 година.

Средствата од дел IV точка 8 од оваа програма се наменети за исплата на трошоци за реализација на мониторинг при спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;

2) Закуп на постојни згради;

3) Трошоци направени пред 1 јануари 2026 година;

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од оваа програма;

6) Општи и административни трошоци на апликантот;

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;

8) Законски обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1423/15 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |